Република Северна Македонија

**Министерство за информатичко општество и администрација**

До
Дамјан Манчевски, министер во Министерството за информатичко општество и администрација
**Архивски број:** 11/1-3868/4
**Датум:** 21.11.2019 год.
**Предмет:** Известување
**Врска:**

Почитуван г-дин Манчевски,

На 14.11.2019 година, Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК) одржа седница на која беа разгледани и усвоени предлог надлежностите на Дигиталната агенција во однос на обезбедувањето на електронски комуникациски мрежи и услуги за јавните институции.

Во прилог Ви го доставуваме предлог текстот.

Подготвил : Владимир Соколов
Контролирал : Мишко Талески

Со почит,

**Димитар Буковалов**

Претседател на НКБК


Министерство за информатичко општество и администрацијана
Република Северна Македонија
Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

## Надлежности на Дигиталната агенција во однос на обезбедувањето на електронски комуникациски мрежи и услуги за јавните институции

**Член 24**

(1) ДА ги има следниве надлежности:

1. Обезбедува електронски комуникациски услуги за потребите на јавните институции, преку користење на Националната транспортна оптичка мрежа (НТОМ) во надлежност на ЈП МРД;

2. Обезбедува комуникациски канали (времени, по барање или постојани) на кои јавните институции, ОТА и drugite sluzbi za bezbednos (правно да се дефинира) обезбедуваат безбедносни комуникации преку истите;

3. Обезбедува служба за електронски мониторинг, управување, работење и одржување на функционирањето на инсталираната активна опрема и други средства;

4. Обезбедува служба за подршка и информации за потребите на јавните институции во однос на услугите кои таа им ги обезбедува;

5. Спроведува јавни набавки за потребна активна опрема и други средства, нивна инсталација, управување и тековно одржување, со цел реализација на нејзините надлежности утврдени во овој закон;

6. Обезбедува безбедност, интегритет, доверливост и континуитет на електронските комуникации кои таа ги обезбедува и мерки за овозможување на законско следење на комуникациите, согласно закон;

7. Предлага мерки, активности и обезбедува пристап за користење на јавни електронски комуникациски услуги кои ги обезбедуваат операторите, особено за услугата обезбедување пристап до јавен интернет.

8. Ги утврдува потребите од оптички влакна за обезбедувањето електронски комуникациски услуги, согласно овој закон, дава мислење и/или учествува во планирањето на оптичка инфраструктура (оптички кабли/влакна и кабелска канализација за поставување на оптички кабли) која ќе се гради со јавни средства на територијата на државата.

9. Управува со користењето на оптичките влакна и другите капацитети на НТОМ а кои се наменети за поврзување на јавните институции и локациите за бесплатен WiFi интернет пристап.

10. Го известува ЈП МРД за спроведување на потребно инфраструктурно оптичко поврзување со цел спроведување на надлежностите на ДА согласно овој закон;

11. Го известува ЈП МРД за можен дефект во неговата инфраструкура на која се поврзани јавните институции,

12. Дава мислења, препораки, извештаи, соработува со јавни институции, во врска со спроведување на нејзините надлежности, согласно одредбите од овој закон.

(2) Потребната активна опрема и другите средства од точката 5 од ставот (1), како и од овој член, ДА ги утврдува во соработка со јавните институции имајќи ги предвид нивните надлежности, сегашни и идни потреби, обезбедувањето на нови иновативни ИКТ платформи и решенија како и постигнувањето на националните бродбенд таргети утврдени во стратешките документи и планови донесени од страна на Владата;

(3) Во управувањето со користењето на оптичките влакна и другите капацитети на НТОМ од точката 9 од ставот (1) од овој член, треба да се имаат предвид надлежностите на јавните институции, сегашни и идни нивни потреби, обезбедувањето на нови иновативни ИКТ платформи и решенија како и постигнувањето на националните бродбенд таргети.

(4) За спроведување на надлежностите утврдени во точките 7, 8, 9 и 10 од ставот (1) од овој член, ДА соработува со Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), ЈП МРД, МАРнет, правните лица кои управуваат со оптичката инфраструктура изградена со јавни средства и други најдлежни институции;

**Член 25**

(1) ДА ги спроведува надлежностите утврдени во членот 24 од овој закон, врз основа на Студија претходно усвоена од страна на Владата.

(2) Студијата од ставот (1) на овој член, ја предлага ДА, врз претходна добиена согласност од страна на МИОА. Во подготовката на Студијата ДА соработува со НКБК, ЈП МРД, МАРнет, други најдлежни институции, правни лица кои управуваат со оптичка инфраструктура изградена со јавни средства а може да користи и надворешна стручна помош.

(3) Студијата од ставот (1) на овој член покрај предложени мерки и активности за спроведување на надлежностите на ДА утврдени во членот 24 од овој закон, треба да содржи и предлог листа на јавни институции на кои ДА ќе им обезбедува интерни електронски комуникациски услуги; предлог листа на електронски комуникациски услуги кои ќе ги обезбедува (по видови на јавни институции); користење на јавни електронски комуникациски услуги кои ги обезбедуваат операторите; потребни технички, просторни и човечки капацитети, временска рамка и финансиски средства за спроведување, итн.